

# Упатство за инсталација на опремата за услугата Call & Surf

Сподели доживувања

T-Home

# Содржина:

стр. 4 Поврзување на уредот за интегриран пристап
стр. 9 Вклучување на уредот
стр. 10 Конфигурирање на Вашиот компјутер
стр. 10 WINDOWS XP
стр. 15 WINDOWS VISTA
стр. 18 Креирање интернет конекција
стр. 20 Конфигурирање на безжичното поврзување
стр. 22 Дијагностика на диодите
стр. 22 Проверка на диодите
стр. 26 Дијагностика на мрежата

## Вовед

Услугата Call & Surf на Македонски Телеком АД е пакет од говорни и интернет услуги. За да можете да ја користите оваа услуга во вашиот дом, потребен е соодветно инсталиран и конфигуриран уред за интегриран пристап. Уредот го обезбедува Македонски Телеком, а вие самите треба да направите правилно поврзување и конфигурирање на уредот.



## Потребна конфигурација на Вашиот компјутер:

**Процесор (CPU):** минимум Intel Pentium II 233 MHz
**Меморија:** минимум 32 MB
**Оперативен систем:** Windows 98FE/SE, Windows 2000, Windows ME, Windows XP или Windows Vista
**Мрежна картичка:** Ethernet (10/100 Base – T)

# Поврзување на уредот за интегриран пристап

## Проверете дали во кутијата се наоѓаат следните работи:

1. THOMSON TG782 Wireless VoIP Multi-User ADSL2+ Gateway;
2. Бел Ethernet кабел со жолт конектор (RJ-45);
3. Сив DSL кабел (RJ-11);
4. Адаптер за напојување;
5. АДСЛ сплитер и кабел
6. Упатство за инсталација на уредот за интегриран пристап.

Доколку не добиете некој од горенаведените делови или некој од нив е оштетен контактирајте ја службата за корисничка поддршка на тел. 0800 12345.

## Одберете соодветно место за поставување на уредот

- близу до телефонскиот приклучок или ако веќе имате инсталирано ADSL линија,
- близу до телефонскиот разделник (сплитер) од каде што излегува ADSL линијата;
- близу до некој од приклучоците за електрична енергија;
- близу до вашиот компјутер доколку сакате да го поврзете истиот со уредот преку Ethernet.

## Ако имате стандардна PSTN телефонска линија поврзувањето треба да се направи на следниот начин:

1. Поврзете го сплитерот (преку приклучокот означен со LINE) на телефонскиот (ѕиден) приклучок со помош на телефонски кабел (слика 1)
2. Приклучокот на сплитерот означен со TEL поврзете го со црниот приклучок на уредот кој е обележан со PSTN со телефонски кабел (слика 1)




Слика 1. Шема за поврзување со PSTN линија



Слика 2. Приклучување на DSL



Слика 3. Приклучување на телефонски апарат

3. Поврзете го приклучокот на сплитерот означен со MODEM со приклучокот кој е означен со DSL, на задната страна на уредот со помош на сивиот DSL кабел (RJ-11) (слика 2)
4. Вклучете го вашиот телефонски апарат во една од двете зелени порти обележани со PHONE (1 и 2) на уредот. Доколку имате 2 телефонски уреди и доколку и двата сакате да ги користите за услугата, приклучете ги двата во овие две порти. (слика 3)
5. Вклучете го белиот Ethernet кабел (RJ-45) во првата жолта порта на задната страна на уредот која е обележана како Ethernet 1 (слика 1). Другата страна на кабелот поврзете ја со Ethernet портата на вашиот компјутер.
6. Поврзете го адаптерот за напојување (видете во поглавјето Вклучување на уредот)
7. Безжичното поврзување на интернет е објаснето во поглавјето Конфигурирање на безжичното поврзување

## Ако имате дигитална ISDN телефонска линија поврзувањето треба да се направи на следниот начин:

1. Поврзете го сплитерот (преку приклучокот означен со LINE) на телефонскиот (ѕиден) приклучок со помош на телефонски кабел (слика 4)
2. Приклучокот на сплитерот означен со TEL поврзете го со приклучокот на NT уредот кој е обележан со U со телефонски кабел (слика 4)
3. Поврзете го приклучокот на сплитерот означен со MODEM со приклучокот кој е означен со DSL, на задната страна на уредот со помош на сивиот DSL кабел (RJ-11) (слика 4)
4. Со помош на телефонски кабел аналогниот излез на NT уредот поврзете го на црниот приклучок на уредот кој е обележан со PSTN. (слика 4)
5. Вклучете го ISDN телефонскиот апарат во приклучокот S/T на NT уредот. (слика 4)
6. Доколку имате аналогни телефонски апарати приклучете ги на PHONE 1 и PHONE 2
7. Вклучете го белиот Ethernet кабел (RJ-45) во првата жолта порта на задната страна на уредот која е обележана како Ethernet 1 (слика 4). Другата страна на кабелот поврзете ја со Ethernet портата на вашиот компјутер.
8. Поврзете го адаптерот за напојување (видете во поглавјето Вклучување на уредот)
9. Безжичното поврзување на интернет е објаснето во поглавјето Конфигурирај безжично поврзување




Слика 4. Шема за поврзување на ISDN линија

## Вклучување на уредот

1. Приклучете го конекторот на адаптерот за електрично напојување во приклучокот за напојување на уредот. (слика 5)
2. Приклучете го адаптерот во најблискиот приклучок за електрична енергија.
3. Приклучете го уредот

За да одредите дали уредот е приклучен погледнете ги диодите кои се поставени на предната страна на уредот. Секоја диода под себе има опис за што е наменета. Со помош на прекинувачот кој се наоѓа на задната страна, приклучете го уредот. Додека се вклучува, диодата на предната табла свети црвено неколку секунди. По извесно време (најмногу по една минута) диодата обележана со Power, треба да светне зелено. Ова е индикација дека напојувањето е соодветно приклучено. Потоа треба да почне процесот на синхронизација на DSL линијата, при што диодата обележана со Broadband ќе почне да трепка со зелена боја. Кога DSL линијата ќе се синхронизира, диодата ќе престане со трепкање и ќе продолжи да свети зелено.



Слика 5. Вклучување на уредот на електрично напојување

# Конфигурирање на Вашиот компјутер

## WINDOWS XP

1. Отворете го START менито на вашиот компјутер, изберете Control Panel и отворете ја иконата Network Connections со двојно кликнување на истата;




2. Одберете Local Area Connection со двојно кликнување;



3. Од прозорецот кој ќе се отвори изберете General и кликнете на Properties;




4. Лизгачот на прозорецот кој ќе се отвори поместете го до дното. Одберете ја опцијата Internet Protocol (TCP/IP). Потоа одберете Properties;







5. Ќе се отвори и трет прозорец со опции: General и Alternate Configuration. Одберете General и чекирајте: Obtain IP address automatically и Obtain DNS server address automatically;
6. Потоа кликнете OK на двата прозора и Close, на Local Area Connection Status прозорецот.




Оперативниот систем е подготвен за поврзување на ADSL. Потребно е да поминете на поглавјето Креирање интернет конекција.

## WINDOWS VISTA

Конфигурирање на оперативниот систем Windows Vista

1. На почетното мени Start, кликнете ја опцијата Network




2. Одберете Network and Sharing Center.



3. Одберете Manage network connections.




4. Кликнете со десното копче на глувчето на Local Area Connection и потоа одберете Properties.



5. Одберете Internet Protocol Version 4 и потоа кликнете Properties.




6. Одберете General и чекирајте: Obtain IP address automatically и Obtain DNS server address automatically;
7. Потоа кликнете OK на двата прозора и Close, на Local Area Connection Status прозорецот.

Оперативниот систем (Windows) е подготвен за поврзување на ADSL.

Потребно е да преминете на поглавјето Креирање интернет конекција.

# Креирање интернет конекција

Подгответе ги сите информации кои ви се потребни од вашиот интернет провајдер за активирање на интернет конекцијата  (истите може да ги најдете во договорот за користење на Call & Surf услугата):
Информацијата која ви е потребна е вашето корисничко име (username или login name) и лозинка (password) кои ќе ги користите за поврзување на интернет.

Откако сте го извршиле конфигурирање на вашиот компјутер, на мониторот ќе се појави икона која ќе ве извести дека вашата локална мрежна конекција е воспоставена;
1. Отворете web browser и во полето наменето за IP адресата внесете ја следнава адреса: http://192.168.1.254. Кликнете Enter и почекајте да се отвори првата страница за конфигурирање на уредот.
Во левиот агол од прозорецот ќе видите мени составено од шест опции:

- Home;
- Thomson Gateway;
- Broadband Connections;
- Toolbox;
- Home Network;
- Help;



2. Изберете ја третата опција од менито: Broadband Connections. Потоа изберете Internet Services и кликнете View More на Internet конекција на страната која ќе се отвори.




3. Во полето Username внесете ко корисничкото име, а во полето Password внесете ја корисничката лозинка и кликнете Connect.




Кога интернет конекцијата ќе биде воспоставена, диодата обележана со Internet ќе светне во зелена боја.

# Конфигурирање на безжичното поврзување

Доколку сакате безжично поврзување на вашиот Wi-Fi сертифициран Thomson Gateway, потребен ви е безжичен 802.11 b/g компатибилен клиент адаптер. Можете да користите еден од следниве безжични клиент адаптери:

- секој Wi-Fi сертифициран WLAN клиент;
- вграден Wi-Fi сертифициран WLAN адаптер, доколку го имате вградено во вашиот компјутер.

1. Отворете web browser и во полето наменето за IP адресата внесете ја следнава адреса: http://192.168.1.254. Кликнете Enter и почекајте да се отвори првата страница за конфигурирање на уредот.
2. Изберете ја опцијата Home Network на левата страна во главното мени;
3. На новата страна која ќе се отвори изберете ја опцијата: Interfaces, а потоа кликнете на: WLAN: Thomson;



4. Во десниот агол од прозорецот, кликнете Configure;




5. Откако ќе ја изберете оваа опција, ќе влезете на страната – Wireless Access Point – SpeedTouch, од каде ќе можете да ги нагодите сите параметри на безжичната мрежа, согласно со вашите потреби.

Препорачливо е да користите некое од понудените нивоа за заштита, а за ваша поголема сигурност предлагаме да користите 128 bit WEP енкрипција, со внесување на енкрипциски клуч (WEP Encription Key), како што е чекирано на сликата подолу. Во овој случај за да можете безжично да се поврзете на вашиот клиент адаптер ќе мора да ја внесете енкрипциската лозинка за автентикација, која се наоѓа на задната страна на уредот.



# Дијагностика на диодите

## Проверка на диодите

По воспоставувањето на врската со интернет, најмалку следниве диоди треба силно да светат зелено: Power, Broadband и Internet.

- Доколку не свети ниту една диода, тогаш уредот не е вклучен, или е исклучен.
- Проверете дали уредот е приклучен на напојувањето.
- Проверете дали користите соодветно напојување со електрична енергија за вашиот уред. Барањата за напојување со електрична енергија се наведени на етикетата на дното на уредот.
- Проверете дали уредот е вклучен.
- Исклучете го уредот, рестартирајте го вашиот компјутер, а потоа повторно вклучете го. Ако диодата за напон свети црвено или трепка во килибарно-жолта боја, уредот не работи правилно или не може да започне со работа.
- Целосно исклучете го уредот од вашиот компјутер и исклучете го од напојување. Почекајте 5 секунди, повторно поврзете го уредот и повторно вклучете го. Ако Broadband диодата трепка зелено или воопшто не свети, MaxADSL услугата не може да се синхронизира.
- Проверете дали уредот е приклучен на телефонската линија со активирана MaxADSL услуга.
- Проверете дали ја имате правилната верзија на уредот (ISDN или PSTN) согласно MaxADSL/телефонската услуга обезбедена во вашите простории.

▪ Доколку претходно сте имале функционална врска, јавете се во Македонски Телеком за да проверите дали има прекин на услугата. Доколку диодата за Ethernet не свети, нема Ethernet врска:

▪ Проверете дали каблите за Ethernet се добро поврзани со 10/100Base-T портата.

▪ Проверете дали користите вистински тип на кабел за вашата опрема за Ethernet.

▪ Проверете дали драјверот за Ethernet мрежната картичка е правилно инсталиран и активиран на вашиот компјутер. Подобро е да се исклучат опциите за безбедност на напон за Ethernet мрежната картичка.

▪ Wireless диодата трепка или не свети.

Wireless диодата трепка ако има безжична LAN активност. Доколку константно свети, значи дека во моментот нема никаква безжична активност иако безжичната мрежа е вклучена. Може да има неколку бои во зависност од тоа во кој мод работи:

Зелена: безжичната пристапна точка на уредот работи на со WPA енкрипција. Проверете дали користите исто WPA шифрирање на безжичниот клиент адаптер на компјутерот.

**Килибарно жолта боја:** безжичната пристапна точка работи со WEP енкрипција. Проверете дали користите исто WEP шифрирање на безжичниот клиент адаптер на компјутерот.

**Црвена:** безжичната пристапна точка на уредот не користи заштита.

Wireless диодата не свети ако е исклучена безжичната пристапна точка на уредот.

За безжично вмрежување, обезбедете Wireless функционалноста да е активирана на уредот.  Продолжете на следниов начин;

1. Одете на веб-страната за конфигурирање на уредот: http://192.168.1.254.
2. Во менито одберете Home Network > Interfaces.
3. Кликнете WLAN.
4. Кликнете Configure.
5. Одберете.

- Црвена Интернет диода или воопшто не свети Интернет диодата. Има грешка во автентикацијата. Ова обично се појавува како порака за грешка која се однесува на погрешна лозинка. Проверете дали правилно сте го внеле корисничкото име. Вашето корисничко треба да биде во следниов формат: username@t-home.mk. Проверете дали правилно сте ја внеле лозинката. Лозинката е чувствителна на големи/мали букви (case sensitive). Доколку се уште добивате пораки за грешна лозинката, контактирајте ја службата за корисничка поддршка на Македонски Телеком на тел. 0800 12345.
- Одбран е погрешен профил на услуга.  Повторно конфигурирајте го вашиот Thomson Gateway и одберете го вистинскиот профил на услуга.
- Ако не свети диодата за Broadband, проверете дали DSL кабелот е приклучен во приклучокот обележан со DSL. Доколку кабелот е соодветно приклучен и сè уште не свети DSL диодата контактирајте ја службата за корисничка поддршка на Македонски Телеком на тел. 0800 12345.





# Дијагностика на мрежата

По конфигурирањето на интернет врската, постои лесен начин да се провери дали вашата конфигурација е во ред. Продолжете на следниов начин:

1. Одете на првата веб-страна за конфигурирање на уредот: http://192.168.1.254
2. Во менито, кликнете Broadband Connection, а потоа кликнете Check connectivity to the Internet.
3. Во Internet Service to Check полето, одберете ја интернет услугата која што сакате да ја проверите.
4. Кликнете Check Connectivity. Ако тестот е успешен, ќе ви се покаже список од зелени знаци за штиклирање, како што е прикажано во примерот подолу.

Во спротивно, црвениот X ќе ви помогне да го откриете проблемот:

- вашата DSL линија не е синхронизирана;
- проверете дали вашата телефонска линија е правилно поврзана за вашиот уред;
- проверете ја DSL диодата, како што е опишано во проверка на диодите;
- нема Етернет активност. Ако сте поврзани преку протокол кој не е PPPoE, оваа проверка не се применува, бидејќи резултатот секогаш ќе биде „No Ethernet activity“;
- грешка во автентикацијата:  проверете го вашето корисничко име и лозинка;
- врската е прекината;
- не може да се воспостави врска. Не се конфигурирани IP, IP адреса или DNS сервер.

За време на проверката на IP адресата, се појави IPCP грешка или DHCP грешка. Нема интернет. Овој тест испраќа 1 пинг до секоја адреса од конфигурираниот список на IP адреси. Ако се опфатат сите адреси, тогаш тестот е успешен. Доколку вашите примарни и секундарни DNS сервери се дел од списокот, опфаќањето на една од нив е доволно. Нема DNS. Може да има проблем со DNS услугата.



За да нарачате дополнителни услуги
јавете се на 171 (повикот е бесплатен).

www.t-home.mk